Врз основа на член 7 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 65 од Статутот на Општината Куманово ("Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03), Советот на Општината Куманово, на седницата одржана на 27 април 2007 година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

## за измена и дополнување на Статутот на Општината Куманово

### член 1

Во Статутот на Општината Куманово, Бр. 07-1503/3 од 30 јуни 2003 година ("Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03), членот 2 се менува и гласи:

### "член 2

Подрачјето на Општината е утврдено со закон и ги опфаќа подрачјата на населените места - градот Куманово и селата: Агино Село, Бедиње, Бељаковце, Биљановце, Брзак, Вак'в, Винце, Габреш, Горно Којнаре, Градиште, Дл'га, Доброшане, Довезенце, Долно Којнаре, Живиње, Зубовце, Јачинце, Карабичане, Карпош, Клечовце, Кокошиње, Колицко, Косматац, Кутлибег, Кучкарево, К'шање, Лопате, Љубодраг, Мургаш, Ново Село, Новосељане, Орашац, Пезово, Проевце, Пчиња, Режановце, Речица, Романовце, Скачковце, Сопот, Студена Бара, Сушево, Табановце, Тромеѓа, Умин Дол, Черкезе, Четирце и Шупли Камен."

### член 2

По членот 3 се додава нов член 3 - а, кој гласи:

### "член 3 - а

Со Статутот на Општината Куманово, во согласност со Закон, се уредуваат:
- организацијата и работата на органите на Општината;
- организацијата и работата на комисиите на Советот;
- вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност;
- начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на Општината Куманово;
- начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на Општината Куманово и постапувањето по нив;

- начинот на организирање на јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните;
- начинот на објавувањето на прописите на Советот;
- начинот на извршувањето на обврските од областа на одбраната во воена состојба;
- начинот на извршување на обврските од областа на безбедноста, заштитата и спасувањето во услови на кризни состојби и елементарни непогоди;
- начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на Општината;
- како и други прашања од значење за Општината Куманово."

**член 3**

Членот 10 се менува и гласи:

**"член 10**

Општината има печат со тркалезна форма со пречник од 3 (три) сантиметри, во чија средина се наоѓа грбот на Општината и на чии рабови на македонски јазик и неговото кирилско писмо е испишано "Република Македонија - Општина Куманово", а во вториот ред на албански јазик и неговото латинско писмо е испишано "Република е Маљедонисё - Комуна е Кумановёс".

Печатот што го употребува Советот на Општината, во вториот ред има натпис на македонски јазик и неговото писмо "Совет на Општината", а во третиот ред има натпис на албански јазик и неговото писмо "Кёсхилли и Комунёс".

Печатот што го употребува Градоначалникот, во вториот ред има натпис на македонски јазик и неговото писмо "Градоначалник", а во третиот ред има натпис на албански јазик и неговото писмо "Крѕетари и Комунёс."

**член 4**

Членот 28 се менува и гласи:

**"член 28**

Статутот и Деловникот се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Општината."

**член 5**

По членот 28 се додава нов член 28 - а кој гласи:

**"член 28 - а**

Буџетот и Годишната сметка на Буџетот се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот."

**член 6**

По членот 29 се додава нов член 29 - а, кој гласи:

**"член 29 - а**

Советот работи на редовни седници, а по потреба може да одржува свечени и вонредни седници.

Советот одржува свечени седници за одбележување на значајни историски настани, како и за одржување на говори на наши и странски државници, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на Општината."

**член 7**

Членот 36 се менува и гласи:

**"член 36**

Постојани комисии на Советот се:

- Комисија за финансирање и Буџет;
- Комисија за локален економски развој;
- Комисија за урбанизам;
- Комисија за комунални дејности;
- Комисија за заштита на животната средина и природата;
- Комисија за образование, култура и спорт;
- Комисија за социјална, детска и здравствена заштита;
- Комисија за статут и прописи;
- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;
- Комисија за месна самоуправа;
- Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија;
- Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените;
- Комисија за безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита.

Комисиите се составени од 5 члена на Советот."

**член 8**

Во член 38 текстот во првиот ред "и локален економски развој" и текстот "како и прашања од планирањето и програмирањето на локалниот економски развој" се бришат.

**член 9**

По членот 38 се додава нов член 38 - а, кој гласи:

**"член 38 - а**

Комисијата за локален економски развој го следи економскиот развој во Општината, ја разгледува програмата за економски развој на Општината, ги разгледува и учествува во проектите аплицирани преку општината и НВО за побрз економски развој на Опшината, учествува во преговорите со комората на стопанствениците во Општината во креирањето на макроекономската политика за поттикнување и поддршка на развојот на малите и средните претпријатија како и семејните бизниси, ја следи состојбата на пазарот на работната сила и учествува во давање поддршка за изнаоѓање стимулативни мерки за намалување на навработеноста во соработка со Агенцијата за вработување."

**член 10**

Членот 42 се менува и гласи:

**"член 42**

**Комисијата за образование, култура и спорт** ги разгледува прашањата од надлежноста на Општината, а кои се однесуваат на: основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта; институционална и финансиска подршка на културните установи и проекти од областа на културата и културното творештво; развој на масовниот спорт и рекреацијата, одржување и изградба на спортски објекти и др."

**член 11**

По членот 42 се додава нов член 42 – а, кој гласи:

**" член 42 – а**

**Комисијата за социјална, детска и здравствена заштита** ги разгледува прашањата од надлежност на Општината, а кои се однесуват на: детски градинки и домови за стари, центри за згрижување на лица со пречки во развојот, социјална грижа за инвалидните лица и други лица, како и деца со потреба од социјална грижа, управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарната здравствена заштита, како и други надлежности на Општината од здравствената заштита."

**член 12**

Членот 45 се менува и гласи:

**"член 45**

Комисијата за месна самоуправа ги разгледува, насочува и координира прашањата и проблемите што се од значење за работата и делувањето на урбаните и месните заедници во Општината, а исто така одлучува за разрешување на проблеми заради непречено функционирање на облиците на месна самоуправа.

Комисијата за месна самоуправа се грижи за законско спроведување на постапката при избор на совети во облиците на месна самоуправа, ги верификува мандатите на новоизбрените

членови на советите, одлучува по евентуалните приговори на спроведените постапки за избор на советите, и пружа помош за разрешување на други проблеми при избирање на советите како и во натамошното функционирање на урбаните и месните заедници во Општината."

**член 13**

Член 47 се менува и гласи:

**"член 47**

**Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите** врши промовирање и остварување еднаков третман на правата и слободите помеѓу половите во општеството и институциите на системот.

За остварување на Програмата на Комисијата, истата ќе соработува и со невладини организации и здруженија кои најнепосредно се занимаваат со прашањата поврзани со родова рамноправност во Општината."

**член 14**

По членот 47, се додава нов член 47 - а, кој гласи:

**"член 47 - а**

Комисијата за безбедност, безбедност во сообраќај и противпожарна заштита ги разгледува прашањата од надлежност на Општината, а кои се однесуваат на безбедност, безбедност во сообраќај и противпожарна заштита."

**член 15**

По членот 58 се вметнува точка

"**3. Посебни тела на Советот**"

по што се вметнува поднасловот

"**Комисија за односи меѓу заедниците**"

по кој се додаваат четири нови члена и тоа: член 58 - а, член 58 - б, член 58 - в и член 58 - г кои гласат:

**"член 58 - а**

Во Општината се формира Комисија за односи меѓу заедниците (во понатамошниот текст: Комисија).

Комисијата ја сочинуваат по 2 (двајца) претставници на заедниците кои се застапени во Општината, со мандат од 4 (четири) години.

Членовите на Комисијата не може да се избираат од редот на членовите на Советот.

**член 58 - б**

Одлука за формирање на Комисијата донесува Советот, на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член по претходно добиени предлози на политичките партии застапени во Советот.

**член 58 - в**

Комисијата од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата, со јавно гласање.

**член 58 - г**

Комисијата работи на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Комисијата.

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство од вкупниот број членови на Комисијата.

На сдниците на Комисијата може да присуствуваат и учествуваат во работата, градоначалникот на Општината и претседателот на Советот, без право на одлучување."

**член 16**

По член 61 се вметнува поднасловот:

**"Партиципативно тело од областа на урбанизмот"**

По што се додаваат три нови члена и тоа: член 61 – а, член 61 – б и член 61 – в кои гласат:

**"член 61 – а**

За обезбедување на стручност и јавност во процесот на просторното и урбанистичкото планирање, Советот на Општината формира партиципативно тело кое ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија.

Одлука за формирање на Партиципативното тело од областа на урбанизмот донесува Советот на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Партиципативното тело се состои од 9 члена, и тоа: 4 претставници од Советот, 1 стручно лице од Општинската администрација, и 4 истакнати стручни лица од областа на урбанистичкото планирање, претставници од здруженија на грѓани и граѓани од подрачјето на Општината."

**"член 61 – б**

Партципативното тело од областа на урбанизмот од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на партиципативното тело, со јавно гласање."

**"член 61 – в**

Партципативното тело од областа на урбанизмот работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Партципативното тело од областа на урбанизмот.

Партципативното тело од областа на урбанизмот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови.

Партципативното тело одлучува со мнозинство од вкупниот број на членови.

На седниците можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот и претседателот на Советот, без право на одлучување."

**член 17**

По членот 64 се додава нов член 64 - а, кој гласи:

**"член 64 - а**

При вработувањето во општинската администрација и во јавни служби кои ги основала Општината ќе се води сметка за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници застапени во Општината на сите нивоа, како и почитување на критериумите на стручност и компетентност."

**член 18**

Во член 65 во став 3, на крајот точката се заменува со запирка и се додава текстот "при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Општината".

**член 19**

Во член 67, во став 2, на крајот точката се заменува со запирка и се додава текстот "при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Општината".

**член 20**

Во член 74 став 2, бројот "90" се заменува со бројот "30".

**член 21**

Во член 78 став 2, зборовите "на барање од најмалку 20 % од избирачите на Општината", се заменуваат со зборовите " на предлог од најмалку 20 % од граѓаните на Општината".

Во истиот член, во став 3 зборот "барањето" се заменува со зборот "предлогот", а зборот "избирачи" се заменува со зборот "граѓани".

**член 22**

Во член 80 став 2, бројот "15" се заменува со бројот "25", а бројот "60" се заменува со бројот "40".

**член 23**

По членот 80, се додава нов член 80 - а, кој гласи:

**"член 80 - а**

Референдум може да се распише за донесување пропис, за прашања што треба да се уредат во општината (претходен референдум) или за преоценување на пропис што претходно е донесен (дополнителен референдум)."

**член 24**

Членот 81 се менува и гласи:

**"член 81**

Органи за спроведување на референдум се:

- општинската изборна комисија надлежна за спроведување на локални избори (изборна комисија) и
- избирачки одбори."

**член 25**

Во членовите од Статутот кои се однесуваат на референдумот, зборовите "Комисија за спроведување на референдумот" се заменуваат со зборовите "Општинска изборна комисија", а зборовите "одбор за спроведување на референдумот" се заменуваат со зборовите "избирачки одбори".

**член 26**

Членот 82 се менува и гласи:

**"член 82**

Изборната комисија:

- се грижи за законито подготвување и спроведување на референдумот;
- ги именува претседателот, членовите и нивните заменици на избирачките одбори;
- ја усогласува работата и им дава упатства на избирачките одбори;
- презема технички подготовки за спроведување на референдумот;
- ги пропишува обрасците за спроведување на референдумот и ги објавува во службеното гласило на Општината;
- ја утврдува формата, големината, бојата и сериските броеви на гласачките ливчиња;
- ги предава и прима гласачките материјали на и од избирачките одбори;
- определува единствени стандарди за гласачкиот материјал;
- ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласањето и за остварување на избирачкото право;
- го определува начинот на чување и ракување со гласачкиот материјал;
- го организира печатењето на гласачкиот материјал;
- го утврдува надоместокот на органите за спроведување на референдум и поднесува финансиски извештај до Советот на Општината за спроведениот референдум;
- го утврдува и објавува резултатот од референдумот во рок од два дена од денот на неговото одржување;
- одлучува по приговори и
- врши и други работи утврдени со закон."

**член 27**

Во членот 83, ставот 2 се менува и гласи:

"Избирачките одбори се формираат најдоцна пет дена пред денот предвиден за одржување на референдумот."

**член 28**

Во членот 83, по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:
"Избирачки одбор се формира за секое избирачко место.

Избирачкиот одбор е составен од претседател, двајца члена и нивни заменици."

**член 29**

По членот 83, се додава нов член 83-а кој гласи:

**"член 83 - а**

Избирачкиот одбор:

- непосредно раководи со гласањето на гласачкото место;

- обезбедува правилност и тајност на гласањето;
- обезбедува слободно и мирно одржување на гласањето;
- ги сумира резултатите од гласањето на гласачкото место;
- го предава гласачкиот материјал на општинската изборна комисија во рок од три часа по завршувањето на гласањето и
- врши и други работи утврдени со закон."

**член 30**

Во членот 84, ставот 1 се менува и гласи:

**"член 84**

Гласањето на референдум започнува во 7.00 часот и трае непрекинато до 19.00 часот."

**член 31**

Во членот 86, се додава нов став 1 кој гласи:

"Право на гласање на референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право  и се запишани во Избирачкиот список."

Ставовите 1 и 2 стануваат ставови 3 и 4.

**член 32**

Во членот 87, ставот 2 се менува и гласи:

"Гласачкото ливче го содржи прашањето што се става на референдум, упатство за начинот на гласањето и серискиот број на гласачкото ливче во делот кој останува на кочанот на блокот."

По ставот 2, се додава нов став 3 кој гласи:

"Ако се гласа за повеќе прашања, за секое прашање се гласа на посебно гласачко ливче."

Ставот 3 станува став 4.

**член 33**

Во член 90 став 4, на крајот од реченицата по зборот "Општината" се додаваат зборовите "во рок од три дена од денот на неговото одржување".

**член 34**

По членот 90, се додаваат два нови члена 90 - а и 90 - б, кои гласат:

**"член 90 - а**

Средства за спроведување на референдум се обезбедуваат од буџетот на Општината.

Со средствата за спроведување на референдумот располага Изборната комисија."

**"член 90 - б**

Секој граѓанин има право да поднесе приговор поради неправилности во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето во рок од 24 часа од денот на одржувањето на референдумот до Изборната комисија.

Изборната комисија е должна во рок од 24 часа од приемот на приговорот да донесе решение.

Против решението на изборната комисија може да се поднесе жалба до Основниот суд во Куманово во рок од 48 часа од денот на приемот на решението.

Основниот суд е должен да постапи по жалбата во рок од 48 часа."

**член 35**

Во членот 91, зборовите "6 (шест) месеци" се заменуваат со зборовите "2 (две) години".

**член 36**

По член 97 се додава нова глава која гласи:

**"ВИ – а Информирање на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен интерес**

**а) Информирање на граѓаните**

Под овој поднаслов се додават три нови члена и тоа член 97 – а, 97 – б и 97 – в кои гласат:

**„член 97 - а**

Органите на Општината, комисиите на Советот на Општината и јавните претпријатија и установи основани од Општината ги информираат граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во Општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на Општината;
- начинот и условите за остварување на нивните права;
- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежност на Општината;
- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка а се од значење за развојот на Општината;
- услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање;

- приходите кои се остваруваат во Општината и начинот на нивна распределба и трошење;
- јавните набавки;
- именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија и установи;
- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на Општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон".

**„член 97 -б**

Информирањето на граѓаните на Општината се врши редовно, без надоместок, преку:

- издавање службен гласник на Општината;
- издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билтени;
- објавување на публикации;
- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од Општината;
- огласни табли (во простории на Општината, јавните претпријатија и установи, месната самоуправа);
- веб сајт;
- јавни трибини;
- средствата за јавно информирање и
- на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста."

**„член 97 - в**

Информирањето на граѓаните се врши на службените јазици кои се користат во Општината.

Советот на Општината со посебна одлука може да утврди за одредени информации да се информира и на јазикот кој не е службен јазик во Општината, а го зборуваат дел од жителите на Општината."

**Ђ) Слободен пристап до информациите од јавен карактер**

Под овој поднаслов се додават седум нови члена и тоа член 97 -г, член 97 - д, член 97 – ѓ, член 97 - е, член 97 – ж, член 97 - з и член 97 - ѕ, кои гласат:

**„член 97 - г**

Во Општината се обезбедува правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на Општината (Советот и градоначалникот), јавните претпријатија и установи основани од Општината и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања доверени од Општината (во натамошниот текст: иматели на информации).

По исклучок, во случаи утврдени со закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап."

**„член 97 - д**

За информации со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно на секои три месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на Општината ја предлага градоначалникот, а ја утврдува Советот на Општината.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од Општината ја утврдува управниот одбор на предлог на директорот."

**„член 97 – ѓ**

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со закон.

Градоначалникот на Општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат Советот на Општината и општинската администрација.

Директорот на јавното претпријатие и јавната установа основана од Општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат согласно статутот на претпријатието и установата."

**„член 97 -е**

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации имаат сите правни и физички лица (во натамошниот текст: барател на информацијата).

Слободниот пристап до информации се остварува во законски утврдениот рок:

- со увид во документите со кои располага имателот на информацијата;
- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице."

**„член 97 – ж**

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија од електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци, утврдени на начин уреден со закон.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок."

**„член 97 - з**

Барателот на информација има право на жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер доколку имателот на информацијата не ја достави бараната информација."

**„член 97 - ѕ**

Советот на Општината усвојува годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година во Општината.

Годишниот извештај за остварувањето на слободен пристап до информации го подготвува Градоначалникот на Општината и го доставува до Советот, најдоцна до 31 јануари во тековната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира Општината.

Извештајот од ставот 1, по усвојувањето се доставува до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер."

**член 37**

Во член 114 се додава став 3 кој гласи:

"Одлуката за свикување на собир на граѓани за основање на облик на месна самоуправа ја донесува градоначалникот на Општината."

**член 38**

Во член 115 се додава став 2 кој гласи:

"Со актот за основање на обликот на месна самоуправа, поблиску се определува територијата што ја зафаќа, името што ќе го носи, и седиштето на обликот на месна самоуправа."

**член 39**

Во членот 117 се додава нов став 2 кој гласи:

"Прибирањето и трошењето на средствата од став 1 се врши преку Буџетот на Општината."

**член 40**

По член 119 се додава нов член 119 - а, кој гласи:

**"член 119 - а**

Работата на урбаните и месните заедници се регулира со Правилата за работа на облиците на месната самоуправа.

Правилата за работа на облиците на месната самоуправа ги усвојува Советот на Општината по предлог на Комисијата за месна самоуправа.

Месните и урбаните заедници изготвуваат годишни програми за работа на кои согласност дава Комисијата за месна самоуправа."

**член 41**

Во член 120, ставот 2 се менува и гласи:

"За утврдени се сметаат оние кандидати кои биле предложени на собирот на граѓани, односно оние кои ја прифатиле кандидатурата."

**член 42**

Членовите 120 и 121 ги менуваат местата меѓусебно, односно членот 121 станува 120, а членот 120 станува 121.

**член 43**

Членот 122 се менува и гласи:

**"член 122**

За избрани членови на Советот се сметаат кандидатите кои добиле најголем број на гласови од избирачите кои гласале."

**член 44**

Во членот 123, ставот 2 се менува и гласи:

"По верификација на мандатите на избраниот совет, дотогашниот совет е должен во рок од 15 дена да изврши примопредавање на функцијата на новоизбраниот совет."

**член 45**

По член 124 се додава нов член 124 - а, кој гласи:

**"член 124 - а**

Општинската администрација е должна на барање на раководствата на облиците на месна самоуправа, да оствари комуникација со истите заради решавање на проблеми што се во надлежност на месните самоуправи согласно Законот за локална самоуправа и Статутот на Општината."

**член 46**

Во член 125 во став 2 зборовите "што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности", се бришат.

Во истиот член ставот 3 се брише.

**член 47**

По членот 125 се додава нова глава која гласи:

**"ИЏ - а Извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба"**

Под овој наслов се додава нов член 125 - а кој гласи:

**"член 125 - а**

Во воена состојба, органите на Општината:

- продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со закон и
- преземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Општината се подготвува за извршување на обврските од став 1 на овој член преку:

- планирање и организирање на мерките за заштита и спасување за свои потреби;
- формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласност со закон и прописи засновани на закон;
- обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено-стручни и други знаења за учество во одбраната;
- преземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на податоците, информациите и документите од областа на одбраната, во согласност со закон и прописи засновани на закон;
- координација и соработка со другите општини."

**член 48**

Во член 128, ставот 1 се менува и гласи:

"Советот на Општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Општината, одлучува по предлог на Комисијата."

**член 49**

Во член 134, став 2 се менува и гласи:

"Во Општината службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо е и албанскиот јазик и неговото латинско писмо како јазик и писмо кој го користат најмалку 20 % од жителите на Општината."

**член 50**

Во член 137 на крајот точката се заменува со запирка и се додава текстот "при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Општината, одлучува по предлог на Комисијата."

**член 51**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 07- 4334/3
27 април 2007 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател
Зоран Петрушевски